Организација на жени од Струмица
www.ozstrumica.org.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ ОД СТРУМИЦА ЗА 2024 ГОДИНА

Спроведените активности во 2024 година беа во насока на остварување на визијата, мисијата и целите на Организацијата на жени од Струмица:

**Визија:** Нашата работа е водена од визијата кон создавање позитивни промени за праведно и одржливо општество базирано на еднакви можности, каде жените и девојките подеднакво ќе можат да ги реализираат своите потенцијали и способности.
**Мисија:** Активно учество на жените во сите сфери на општественото живеење.
**Цели:**

1. Јакнење на капацитетите на жените за активно учество во креирање и застапување на родово одговорни политики
2. Промовирање и застапување на модели за граѓанско учество во креирање на политики и донесување одлуки
3. Промовирање и поттикнување на еднаквите можности, антидискриминацијата и ненасилство врз жените и девојчињата
4. Мониторинг и промоција на политики за одговорно, транспарентно и отчетно владеење

## ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

Во 2024 година ОЖС работеше на спроведување на активности во рамките на следните проекти и активности:

**Проекти**

1. Грант за Институционална поддршка на Организација на жени од Струмица, поддржан од Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска – Скопје.
2. Грант за Институционална поддршка на Организација на жени од Струмица, поддржан од Global Fund for Women
3. Проект „Активни млади за еднакви можности“, поддржан преку Програмата Еразмус

**Активности**

1. ФЕМ Камп - активност во рамки на Институционална поддршка поддржана од Global Fund for Women, дополнително поддржана од Фондација „Едно општество за сите“
2. „Младински активизам за феминизам“, поддржана од НВО Инфоцентар – Скопје, со финансиска поддршка од ЕУ
3. Мониторинг: Општините и заштитата на личните податоци, активност во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“ спроведуван од НВО Инфоцентар – Скопје со четири партнерски организации, финансиски поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.
4. Мониторинг: Општините и поддршката за култура, активност во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“ спроведуван од НВО Инфоцентар – Скопје со четири партнерски организации, финансиски поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.
5. Мониторинг: Општините и социјалните услуги во заедницата, активност во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“ спроведуван од НВО Инфоцентар – Скопје со четири партнерски организации, финансиски поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.
6. Мониторинг: Општините и родовата еднаквост, активност во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“ спроведуван од НВО Инфоцентар – Скопје со четири партнерски организации, финансиски поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

Дополнително, организацијата во 2024 години ги зајакна своите капацитети преку развој на комуникациски и нов стратешки план (2024 – 2027).

### Грант за Институционална поддршка на Организација на жени од Струмица, поддржан од Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска – Скопје.

Фокусот на програмата беше насочен кон поттикнување промени кај женската заедници во седум локации во кои работиме за нивна поголема вклученост во програмските активности на организацијата и во активности кои се од интерес на жените во заедниците, заради подобрување на нивното знаење за самостојно работење и на проширување на соработката со жените во уште една помала општина во струмичкиот регион.



Беа идентификувани чекорите и можностите за поефикасно функционалност на Женските кружоци – неформални ограноци на организацијата и за одржување и зголемување на бројот на соработничките. Извршена е проценка на потребите и интересите на активната женска заедница и проценка на нивото на учество на жените во граѓански консултации, спроведен е мониторинг на степенот на реализација на женските барања и приоритети во изминатите три година.

Преку едукативни и теренски активности, жените - лидерки од осум локации го подобрија своето знаење за планирање, организирање, координирање и спроведување акции во своите заедници.
Во овој период организацијата ја прошири соработката со активната женска заедница во уште една локација во струмичкиот регион.

## Грант за Институционална поддршка на Организација на жени од Струмица, поддржан од Global Fund for Women

Институционалната поддршка од **Global Fund for Women** на програмата на организацијата го опфаќа периодот од јануари 2024 до јануари 2026 година.




Во 2024 беа спроведени активности за подигање на свесноста за женските права и слободи втемелени на демократските принципи и вредности, активности за развој на млади конституенти и за поврзување на граѓански организации кои работат на унапредување на правата на жените и девојките. Зајакната е соработката помеѓу четири женски организации, а девојки од четири општини го подобрија соето знаење за феминизам и родова еднаквост.

Преку едукативни работилници обучени се млади едукаторки за дисеминација на стекнатото знаење.
Ова треба да овозможи промени и кај организациите во однос на генерирање човечки ресурси за одржлив организациски развој.

## Проект „**Активни млади за еднакви можности**“

Целта на проектот беше насочена кон поттикнување и афирмација на улогата на младите во промоција и интеграција на принципот на еднаквите можности во сите области на општествениот живот, како еден од основните принципи на Европската Унија.






Вкупно 35 млади луѓе (момчиња и девојки) од Република Северна Македонија, Бугарија и Италија во февруари 2024 учествуваа на младинската размена во Струмица.

**Сите спроведени активности и извештаи на Организацијата на жени од Струмица во текот на 2024 година можете да ги најдете на интернет страницата www.ozstrumica.org.mk и на Фејсбук страната https://www.facebook.com/profile.php?id=100081742253342 .**